# Одржана Јавна расправа за Регионална Стратегија за Биодиверзитет, Акциски план, мапи на клучни живеалишта,  видови и сензитивност во Југоисточниот регион

На 30.07.2020 година Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во рамки на проектот „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа на заштитени подрачја - COMBINE2PROTECT“, онлајн преку платформата ZOOM се одржа Јавна расправа на која учествуваа претставници на засегнатите страни од Југоисточниот плански регион (претставници на општини, јавни институции, приватен и граѓански сектор).

На јавната расправа од страна на академски професори и експерти кои беа ангажирани во изработка на Стратегијата беа презентирани Регионалната Стратегија за Биодиверзитет, Акцискиот план и Мапите на клучни живеалишта,  видови и сензитивност во Југоисточниот регион.

Процесот на изготвување на Регионалната Стратегија за Биодиверзитет е во рамки на проектот „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа на заштитени подрачја - COMBINE2PROTECT“ кофинансиран од Европската унија од Првиот повик за проектни предлози преку INTERREG IPA Програмата за прекугранична соработка „Грција - Република Северна Македонија 2014 - 2020“.










*Проектот е кофинансиран од Европска Унија и Националните Фондови на земјите учеснички*